**ПРОДОЛЖЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА МЕНТОРСТВО**

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот"

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот",** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ПРИЈАВУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА МЕНТОРСТВО. Пријавените и селектирани лица ќе бидат менторирани за успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање во период од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци), преку индивидуални работни средби со подготвен план за работа од страна на менторот.

**<u>Опис на активноста менторство</u>**

Менторството претставува можност за студентите Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе им помогне за успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање. Временската рамка за реализирање на менторските средби е од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот" е предвидено менторирање на 10 студенти Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (ментори) кои треба да работат со најмногу двајца студенти.

**<u>Цели на менторството</u>**

- Да им помогне на студенти Роми да обезбедат успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање
- Да им помогне на студентите Роми во административно-техничкиот процес кога се запишуваат во наредната академска година
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел менторираните да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на менторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на студентските лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите во текот на своето образование;
- Да ги поттикне менторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за

надминување на образовните предизвици и понатамошно продложување со нивното образование, односно запишување на прв циклус на студии;

- Да креира култура која го гледа менторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, менторираните студенти да ги искористат активностите на проектот за градење на капацитети, вештини и знаења за настап на пазарот на труд.

**Учесници во активноста менторство може да бидат:**

Студентите Роми запишани во јавните универзитет во Република Северна Македонија.

**Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство**

Пополнета ПРИЈАВА ЗА МЕНТОРСТВО испратена најдоцна до 10 Април 2024 на kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПРИЈАВА ЗА МЕНТОРСТВО

Име и презиме: ________________________________________________

Возраст: ____________________________

Општина на живеење: ____________________________

Факултет: ________________________________________________

Година на образование: ____________________________

Меил: ________________________________________________

Контакт телефон: ____________________________

Го предложувам за мој Ментор: ____________________________________________ и истиот ќе аплицира на повикот за МЕНТОРИ за високо образование

Имам потреба од менторство за (стави X):

- ☐ Премин во наредна академска година
- ☐ Дипломирање
- ☐ Помош и насочување при вработување

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union